Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и
политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ

| Примено: 30.09.2021г. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 838/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-242/6

28.09. 2021 год.-viti

Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 21 седница одржана на 09.09.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Менаџмент на човечки ресурси", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Менаџмент на човечки ресурси", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер на менаџмент на човечки ресурси/во меѓународен промет академски назив: Master of science/MSc in human resource management.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 506 Организациони науки и управување
Научно – истражувачка област:, 50600 Наука за организација, 50605 Стратешки менаџмент, 50622 Управување со човечки ресурси.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 15 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02 - 316/6 од 26.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Менаџмент на човечки ресурси", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Институт за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 242/1 од 24.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 242/6 од 15.09.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 21-та седница одржана на 09.09.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски